МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА
МЦМС

# МАКЕДОНСКИ ОПШТЕСТВЕНИ ВРЕДНОСТИ

Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Даниела Стојанова

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор
Александар Кржаловски, извршен директор

**Автори**
Сашо Клековски Вредности (I); Ненасилство (III); Демократија (V); Религиозност и однос кон традиционалните/ секуларните вредности (VIII).
Александар Кржаловски Слобода и еднаквост (II); Толеранција и почит кон другите култури (VI).
Даниела Стојанова Солидарност (IV); Однос кон природата (VII).

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4617-20-4

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Македонски центар за меѓународна соработка**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина

**ВОВЕД** ... **4**
**I ВРЕДНОСТИ** ... **5**
Најважни вредности за граѓаните ... 5
Вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија ... 6
Споредбена анализа на вредностите ... 7
Вредностите кои детето треба да ги научи дома ... 8
Заклучоци ... 9
**II СЛОБОДА И ЕДНАКВОСТ** ... **11**
Важност на слободата и еднаквоста ... 11
(Не)еднаквост во плати ... 11
Заклучоци ... 11
**III НЕНАСИЛСТВО** ... **12**
Оправданост на тероризам ... 12
Оправданост на идеолошки засновано насилство ... 12
Оправданост на насилство за одмазда ... 12
Оправданост на семејно и на генерациско насилство ... 13
Заклучоци ... 13
**IV СОЛИДАРНОСТ** ... **14**
Солидарноста на луѓето ... 14
Загриженост за семејството и ранливите групи од Македонија ... 14
Солидарност со луѓето од соседството, Македонија и светот ... 16
Заклучоци ... 17
**V ДЕМОКРАТИЈА** ... **18**
Заклучоци ... 18
**VI ТОЛЕРАНЦИЈА И ПОЧИТ КОН ДРУГИ КУЛТУРИ** ... **20**
Социјална дистанца кон соседите ... 20
Постоење апсолутни стандарди ... 21
Заклучоци ... 22
**VII ОДНОС КОН ПРИРОДАТА** ... **23**
Заклучоци ... 24
**VIII РЕЛИГИОЗНОСТ И ОДНОС КОН ОДРЕДЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ/ СЕКУЛАРНИ ВРЕДНОСТИ** ... **25**
Религиозност ... 25
Одредени традиционални и секуларни вредности ... 26
Честота на појавите меѓу сограѓаните ... 26
Социо-демографски разлики ... 27
Заклучоци ... 29

**Прилог 1. Прашалник** ... **30**
**Прилог 2. Структура на примерокот** ... **34**

**Библиографија** ... **35**

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Македонски општествени вредности", која се спроведе за прв пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија. Дел од прашањата од оваа анкета беа поставени во 2007 и 2008, т.е. 2009 г. во рамките на анкетите за довербата и општествената одговорност на граѓаните.

Целта на истражувањето беше да се испитаат ставовите на граѓаните за битните прашања кои влијаат на социокултурниот контекст во кој дејствува граѓанското општество.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ѝ ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Агенцијата Рејтинг, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

## Прашалник

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социокултурните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните (2007, 2008 и 2009 г.). Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС: Сашо Клековски, Емина Нурединоска, Гонце Јаковлеска и Даниела Стојанова.

За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли: Вредности; Слобода и еднаквост; Ненасилство; Солидарност; Демократија; Толеранција и почит кон други култури; Однос кон природата; Однос кон традиционалните/секуларните вредности; Социо-демографски карактеристики.

## Примерок

Анкетата беше спроведена во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.066 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.066 испитаници, 45,4 % беа жени, а 54,6 % мажи, во однос на етничката застапеност Македонците беа застапени со 67,4 %, а Албанците со 24,7 %, другите етнички групи беа застапени со 8 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 41,8 %, додека градската со 58,2 % (град Скопје со 20,5 %). Целосниот преглед на примерокот е даден во прилогот.

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка од +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам" и „без одговор", поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# I ВРЕДНОСТИ

Вредностите се истражувани од три аспекти: вредности кои се најважни лично за граѓаните, вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија и вредности кои децата треба да ги научат во семејствата. Вредностите опфаќаат 14 основни вредности во случаите за лично важни вредности и вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија, односно 11 вредности кои децата треба да ги научат дома (во семејствата).

## Најважни вредности за граѓаните

За граѓаните лично пет најважни вредности се човековите права (15,6 %), мирот/ненасилството (15,4 %), демократијата (13,3 %), владеењето на правото (10,4 %) и почитувањето на човековиот живот (10,0 %).

**Графикон I 1. Кои три од следните вредности се најважни за вас лично?**




На дното на листата на вредности се наоѓаат: отчетност/ транспарентност (1 %), себереализација (1,6 %) и почит за другите култури (2,9 %). Некои од основните вредности како индивидуалната слобода, еднаквоста и солидарноста се во средината.

Во однос на некои социо-демографски белези како пол, возраст, социјална класа и место на живеење има одредени разлики.

**Табела I 1. Споредба на ставовите за лично најважните вредности по основа на пол, возраст, самоперцепција за социјален статус и место на живеење**

| % | Машко | Женско | 18-29 г. | 30-39 г. | 40-49 г. | 50-64 г. | Над 65 г. | Висока класа | Повисока сред. класа | Пониска сред. класа | Работн. класа | Пониска класа | Рурално (село) | Урбано (град) | Скопје | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Човекови права | 16 | 15 | 17 | 16 | 15 | 16 | 12 | 10 | 15 | 15 | 16 | 17 | 16 | 15 | 16 | **15,6** |
| Мир/ненасилство | 15 | 16 | 15 | 16 | 16 | 15 | 15 | 17 | 13 | 15 | 16 | 14 | 14 | 17 | 15 | **15,4** |
| Демократија | 15 | 11 | 14 | 13 | 13 | 14 | 10 | 7 | 12 | 12 | 15 | 15 | 14 | 14 | 10 | **13,3** |
| Владеење на правото | 12 | 9 | 8 | 11 | 11 | 11 | 15 | 7 | 13 | 10 | 9 | 9 | 8 | 11 | 13 | **10,4** |
| Почитување на чов. живот | 8 | 13 | 10 | 10 | 11 | 9 | 13 | 12 | 12 | 10 | 9 | 10 | 10 | 10 | 11 | **10,0** |
| Толеранција | 7 | 8 | 6 | 7 | 8 | 8 | 9 | 5 | 7 | 7 | 8 | 7 | 8 | 7 | 7 | **7,2** |
| Еднаквост | 7 | 6 | 7 | 8 | 7 | 6 | 6 | 5 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | **6,9** |
| Индивидуални слободи | 5 | 4 | 6 | 4 | 3 | 4 | 2 | 7 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | **4,3** |
| Еднаквост меѓу родовите | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 3 | 1 | 2 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 3 | 4 | **4,0** |
| Солидарност | 3 | 5 | 3 | 3 | 5 | 4 | 7 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | **3,9** |
| Однос кон природата | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 12 | 4 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 7 | **3,3** |
| Почит за другите култури | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | 2 | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | 4 | **2,9** |
| Себереализација | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 5 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | **1,6** |
| Отчетност/транспарент. | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | **1,0** |

Човековите права им се позначајни на помладите (17 %) во однос на највозрасните (12 %), а позначајни им се и на граѓаните од пониската класа (17 %). Мирот и ненасилството им се приближно значајни на сите групи. Демократијата пак им е позначајна на припадниците на пониската класа (15 %), отколку на повисоката класа (7 %).

Владеењето на правото (15 %) и солидарноста (7 %) им се позначајни на највозрасните граѓани, почитувањето на човековиот живот на жените (13 %), а односот кон природата на повисоката класа (12 %).

**Табела I 2. Споредба на ставовите за лично најважните вредности по основа на етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| % | Македонци | Албанци | Не сум симп. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Човекови права | 16 | 15 | 15 | 13 | 15 | 17 | 8 | **15,6** |
| Мир/ненасилство | 17 | 11 | 16 | 16 | 14 | 11 | 15 | **15,4** |
| Демократија | 13 | 13 | 11 | 11 | 15 | 13 | 19 | **13,3** |
| Владеење на правото | 11 | 9 | 12 | 14 | 13 | 8 | 14 | **10,4** |
| Почитување на чов. живот | 11 | 9 | 10 | 12 | 11 | 8 | 10 | **10,0** |
| Толеранција | 8 | 7 | 8 | 8 | 8 | 7 | 8 | **7,2** |
| Еднаквост | 6 | 9 | 7 | 7 | 7 | 8 | 3 | **6,9** |
| Индивидуални слободи | 4 | 6 | 3 | 4 | 4 | 7 | 6 | **4,3** |
| Еднаквост меѓу родовите | 3 | 7 | 5 | 4 | 1 | 8 | 4 | **4,0** |
| Солидарност | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | 3 | **3,9** |
| Однос кон природата | 3 | 3 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | **3,3** |
| Почит за другите култури | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 1 | **2,9** |
| Себереализација | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | **1,6** |
| Отчетност/транспарентност | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | **1,0** |

Во однос на етничката припадност и симпатизерството кон политичките партии, постојат слични вредносни системи. Меѓу етничките групи постојат разлики во мир/ненасилство која е втора најзначајна вредност за етничките Македонци (17 %), а трета вредност за етничките Албанци (11 %). Од друга страна, за етничките Албанци се позначајни еднаквоста (9 %) и еднаквоста меѓу родовите (7 %), отколку што тие им се значајни на етничките Македонци (6 %, односно 3 %). Меѓу симпатизерите на политичките партии не постојат поголеми разлики. Интересно е различното вреднување на демократијата од страна на симпатизерите на политичките партии на власт (ВМРО-ДПМНЕ 11 %, ДУИ 13 %), наспроти симпатизерите на опозицијата (СДСМ 15 %, ДПА 19 %).

## Вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија

За граѓаните пет најважни вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија се мир/ненасилство (12,6 %), демократија (10,5 %), почит за другите култури (9 %) и толеранција (7,4 %), човекови права (7,1 %).

**Графикон I 2. Вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија**




Вредности кои најмалку ја претставуваат Македонија се отчетност/ транспарентност (2,1%) и самореализација (2,9%).

Нема поголеми разлики меѓу социо-демографските групи во однос на вредностите кои најдобро ја претставуваат Македонија.

**Табела I 3. Споредба на ставовите за вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија по основа на етничка припадност и симпатизерство на политички партии**

| % | Македонци | Албанци | Не сум симп. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мир/ненасилство | 13 | 10 | 11 | 13 | 12 | 11 | 10 | **12,6** |
| Демократија | 11 | 11 | 9 | 12 | 8 | 8 | 17 | **10,5** |
| Почит за другите култури | 10 | 7 | 12 | 11 | 9 | 10 | 4 | **9,0** |
| Толеранција | 7 | 9 | 7 | 7 | 5 | 12 | 15 | **7,4** |
| Човекови права | 7 | 8 | 5 | 6 | 8 | 5 | 3 | **7,1** |
| Индивидуални слободи | 7 | 7 | 6 | 7 | 8 | 7 | 8 | **7,0** |
| Еднаквост меѓу родовите | 7 | 6 | 8 | 6 | 6 | 3 | 6 | **6,6** |
| Почитување на чов. живот | 6 | 7 | 6 | 7 | 4 | 5 | 8 | **5,8** |
| Еднаквост | 5 | 7 | 5 | 6 | 6 | 7 | 8 | **5,7** |
| Владеење на правото | 6 | 4 | 5 | 6 | 5 | 3 | 6 | **5,6** |
| Однос кон природата | 6 | 3 | 5 | 5 | 8 | 1 | 3 | **4,9** |
| Солидарност, поддршка на другите | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 5 | 3 | **4,8** |
| Себереализација | 2 | 6 | 3 | 2 | 4 | 3 | 6 | **2,9** |
| Отчетност/транспарентност | 2 | 3 | 4 | 2 | 1 | 3 | 0 | **2,1** |
| Ниту една | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | 10 | 0 | **2,6** |
| Без одговор | 5 | 5 | 8 | 3 | 5 | 10 | 4 | **5,3** |

Меѓу етничките Македонци и етничките Албанци има одредени разлики во вредностите, кои ја претставуваат Македонија, кои ги следат донекаде разликите од лично најважните вредности. Сепак имаат споделена перцепција дека мирот/ненасилството, демократијата и почитта за други култури, најдобро ја претставуваат Македонија.

## Споредбена анализа на вредностите

Понатаму е презентирана споредбата на лично најважните вредности и вредностите кои најдобро ја претставуваат Македонија, како и на вредностите кои најдобро ги претставуваат Европската Унија (ЕУ) и Македонија.

**Табела I 4. Споредба на вредностите кои се лично најважни и кои најдобро ја претставуваат Македонија**

| Ранг / % | Лични вредности | Вредности на Македонија |
|---|---|---|
| **Човекови права** | 1 (15,6) | 5 (7,1) |
| **Мир/ненасилство** | 2 (15,4) | 1 (12,6) |
| **Демократија** | 3 (13,3) | 2 (10,5) |
| **Владеење на правото** | 4 (10,4) | 10 (5,6) |
| **Почитување на човековиот живот** | 5 (10,0) | 8 (5,8) |
| **Толеранција** | 6 (7,2) | 4 (7,4) |
| **Еднаквост** | 7 (6,9 ) | 9 (5,7) |
| **Индивидуални слободи** | 8 (4,3) | 6 (7,0) |
| **Еднаквост меѓу родовите** | 9 (4,0) | 7 (6,6) |
| **Солидарност, поддршка на другите** | 10 (3,9) | 12 (4,8) |
| **Однос кон природата (одржливост)** | 11 (3,3) | 11 (5,0) |
| **Почит за другите култури** | 12 (2,9) | 3 (9,0) |
| **Себереализација** | 13 (1,6) | 13 (2,9) |
| **Отчетност/транспарентност** | 14 (1,0) | 14 (2,1) |

Може да се забележи слично рангирање на личните вредности и вредностите кои ја претставуваат Македонија, со неколку исклучоци. Првиот е почитта за другите култури, која е на дното на лични вредности (12 место), а е во врвот на вредности кои ја претставуваат Македонија (3 место). Човековите права (1 место) и владеењето на правото (4) се значајни за граѓаните, но се вредности кои помалку ја претставуваат Македонија (5, односно 10 место).

**Табела I 5. Споредба на вредности кои најдобро ја претставуваат ЕУ и Македонија**

| Ранг / % | Македонија | Европската Унија (Евробарометар 72.4 од 2009) |
|---|---|---|
| **Мир/ненасилство** | 1 (12,6) | 2 |
| **Демократија** | 2 (10,5) | 4 |
| **Почит за другите култури** | 3 (9,0) | 11 |
| **Толеранција** | 4 (7,4) | 7 |
| **Човекови права** | 5 (7,1) | 3 |
| **Индивидуални слободи** | 6 (7,0) | 4 |
| **Еднаквост меѓу родовите** | 7 (6,6) | - |
| **Почитување на чов. живот** | 8 (5,8) | 1 |
| **Еднаквост** | 9 (5,7) | 8 |
| **Владеење на правото** | 10 (5,6) | 6 |
| **Однос кон природата** | 11 (4,9) | - |
| **Солидарност, поддршка на другите** | 12 (4,8) | 9 |
| **Себереализација** | 13 (2,9) | 10 |
| **Отчетност/транспарентност** | 14 (2,1) | - |

Постои приближна перцепција кои вредности најдобро ја претставуваат Македонија и ЕУ. Поголеми разлики во перцепциите се јавуваат за почит на другите култури (Македонија: 3 место, ЕУ: 11 место), како и почитување на човековиот живот (ЕУ: 1 место, Македонија: 8 место).

## Вредностите кои детето треба да ги научи дома

Покрај помалиот број вредности кои децата треба да ги научат дома (во семејството), 11 во однос на претходните 14 вредности, истражувањето опфати и поинакви вредности. Изборот на вредности кои децата треба да ги научат дома е направен врз основа на вредностите опфатени во Студијата на европски вредности.

Најголем број граѓани сметаат дека пет најважни вредности, на кои треба да се научат децата дома, се: добро однесување (87,8 % сметаат дека е важно детето да се научи на добро однесување), толеранција и почит за другите (62,5 %), трудољубивост (60 %), чувство за одговорност (56,0 %) и послушност (49,9 %).

**Графикон I 3. Вредности на кои треба детето да се научи дома**




Вредности кои најмалку е важно детето да ги научи дома се имагинација (8,5 %) и независност (28,8 %).

**Табела I 6. Споредба на ставовите за вредности на кои децата треба да се научат дома по основа на етничка припадност и симпатизерство на политички партии (во %)**

| | Македонци | Албанци | Не сум симп. | ВМРО–ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Добро однесување | 89,8 | 79,8 | 94,1 | 89,8 | 86,2 | 90,0 | 91,7 | 87,8 |
| Толеранција и почит за другите | 62,8 | 60,8 | 62,7 | 60,2 | 67,0 | 70,0 | 83,3 | 62,5 |
| Трудољубивост | 57,4 | 61,7 | 56,9 | 58,5 | 61,7 | 67,5 | 58,3 | 60,0 |
| Чувство за одговорност | 64,6 | 37,6 | 64,7 | 63,6 | 68,1 | 40,0 | 29,2 | 56,0 |
| Послушност | 49,7 | 49,4 | 40,7 | 45,8 | 45,7 | 40,0 | 45,8 | 49,9 |
| Штедливост | 38,3 | 41,8 | 44,6 | 37,3 | 47,9 | 25,0 | 37,5 | 39,8 |
| Несебичност | 42,2 | 25,9 | 37,3 | 41,5 | 31,9 | 20,0 | 25,0 | 37,7 |
| Вера (религиозност) | 26,5 | 55,5 | 31,9 | 33,1 | 23,4 | 50,0 | 54,2 | 35,0 |
| Одлучност | 34,5 | 32,7 | 34,3 | 33,9 | 33,0 | 45,0 | 16,7 | 33,6 |
| Независност | 28,4 | 31,2 | 29,9 | 31,4 | 28,7 | 25,0 | 41,7 | 28,8 |
| Имагинација | 6,1 | 14,4 | 2,5 | 5,9 | 6,4 | 25,0 | 8,3 | 8,5 |

Етничките Македонци и етничките Албанци имаат слична перцепција за важноста што детето треба да научи дома. Најголем разлика се јавува во верата (етн. Македонци: 26,5 %; етн. Албанци: 55,5 %), како и во чувството на одговорност (етн. Мак.: 64,6 %; етн. Алб.: 37,6 %) и несебичноста (етн. Мак.: 42,2 %; етн. Алб.: 25,9 %).

Меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ не постојат поголеми разлики. Одредени разлики има во штедливоста и несебичноста. Разликата во верата е околу 10 процентни поени во корист на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ.

## Заклучоци

**1. За граѓаните лично најважни вредности се човековите права, мирот, демократијата, а најмалку важни се самореализацијата и отчетноста.**

За граѓаните лично пет најважни вредности се човековите права (15,6 %), мирот/ненасилството (15,4 %), демократија (13,3 %), владеењето на правото (10,4 %) и почитувањето на човековиот живот (10,0 %). На дното на листата на вредности се наоѓаат: отчетноста/транспарентноста (1 %), самореализацијата (1,6 %) и почитта за другите култури (2,9 %).

**2. Етничките групи и симпатизерите на политичките партии, со слични вредносни системи.**

Граѓаните од различни етнички групи и симпатизери на различни политички партии во одредување на важноста на вредностите за нив лично имаат слични перцепции. Меѓу етничките групи постојат мали разлики во мир/ненасилство, која е втора најзначајна вредност за етничките Македонци 17 %, а трета за етничките Албанци 11 %. Од друга страна за етничките Албанци се позначајни еднаквоста (9 %) и еднаквоста меѓу родовите (7 %), од етничките Македонци (6 %, односно 3 %).

**3. Македонија најдобро ја претставуваат мирот/ненасилството, демократијата, почитта за другите култури, а најмалку ја претставуваат самореализацијата и отчетноста/транспарентноста.**

За граѓаните пет најважни вредности кои најдобро ја претставуваат Македонија се мир/ненасилство (12,6 %), демократија (10,5 %), почит за другите култури (9 %), толеранција (7,4 %) и човекови права (7,1 %). Вредности кои најмалку ја претставуваат Македонија се отчетност/транспарентност (2,1%) и самореализација (2,9 %).

**4. Личните вредности ја обликуваат претставата за Македонија?**

Може да се забележи слично рангирање на личните вредности и вредностите кои ја претставуваат Македонија, со неколку исклучоци. Првиот е почитта за другите култури, која е на дното на лични вредности (12 место), а е при врвот на вредности кои ја претставуваат Македонија (3 место). Човековите права (1 место) и владеењето на правото (4) се значајни за граѓаните, но помалку ја претставуваат Македонија (5 односно 10 место).

**5. Македонија и Европската Унија со слични вредносни системи?**

Постои приближна перцепција кои вредности најдобро ја претставуваат Македонија и ЕУ. Поголеми разлики во перцепциите се јавуваат во почитта на другите култури (Македонија: 3 место, ЕУ: 11 место), како и во почитувањето на човековиот живот (ЕУ: 1 место, Македонија: 8 место).

**6. Децата треба да научат добро однесување, толеранција и почит за другите, трудољубивост, а не им е потребно да научат независност и имагинација.**

Најголем број граѓани сметаат дека пет најважни вредности, на кои треба да се научат децата дома се: добро однесување (87,8 % сметаат дека е важно детето да се научи на добро однесување), толеранција и почит за другите (62,5 %), трудољубивост (60 %), чувство за одговорност (56,0 %) и послушност (49,9 %). Вредности кои најмалку е важно детето да ги научи дома се имагинација (8,5 %) и независност (28,8 %).

Етничките Македонци и етничките Албанци имаат слична перцепција за важноста што детето треба да научи дома. Најголема разлика се јавува во верата/религиозноста, која е поважна за околу 29 процентни поени за етничките Албанци. Поголеми разлики се јавуваат и кај чувството за одговорност и несебичноста, кои се поважни за етничките Македонци (64,6 % т.е. 42,2 %), отколку за етничките Албанци (37,6 %, т.е. 25,9 %).

**7. Потребна општествена дебата за македонските општествени вредности.**

Поаѓајќи од тоа дека општествените вредности се основа за развојот на општеството, клучни за развојот на општествена кохезија, како и дека се битен дел од евроатлантските интеграции, потребна е поширока општествена дебата за македонските општествени вредности.

На пример, доколку корупцијата е долгогодишен врвен општествен проблем, дали е можно да се справиме со тој проблем доколку отчетноста/транспарентноста како вредност е на дното на важноста за граѓаните?

Или втор пример, доколку Македонија има стратегија за развој на економски сектори кои се засновани на иновација (креативност), дали е можен таков развој ако имагинацијата е на дното на тоа што децата треба да се научат дома?

# II СЛОБОДА И ЕДНАКВОСТ

Слободата и еднаквоста, во споредба со другите испитувани вредности (види графикон I.1), се на средината на скалата на важност за граѓаните на Македонија. На оваа скала сепак повисоко е вреднувана еднаквоста (6,9 %) наспроти индивидуалните слободи (4,3 %).

## Важност на слободата и еднаквоста

Во овој дел од истражувањето, истражувани се приоритетите на граѓаните доколку се соочени со избор меѓу слободата и еднаквоста. Мнозинството граѓани (52,1 %) се определиле за еднаквоста, како поважна вредност

**Табела II 1. Ставови за важноста на слободата и еднаквоста**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СЛОБОДА**<br>Сметам дека и слободата и еднаквоста се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ја сметал за поважна личната слобода, односно секој да живее во слобода и да се развива без пречки. | 41,5 % | 52,1 % | **ЕДНАКВОСТ**<br>Секако и слободата и еднаквоста се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ја сметал за поважна еднаквоста, односно никој да не биде општествено обесправен и разликите меѓу социјалните класи не се толку силни. |

Нема значајни отстапувања во социо-демографските карактеристики, односно еднаквоста е поважна за сите групи.

Споредувајќи во рамките на секоја од социо-демографските групи, може да се констатира дека важноста на еднаквоста расте со возраста, односно поизразена е и кај пензионерите (59 %) и вработените во јавниот сектор (55 %). Од аспект на политичките партии, еднаквоста е најважна за симпатизерите на СДСМ (60 %).

## (Не)еднаквост во плати

Ставовите за еднаквоста се третирани и со она што го засега и директно го чувствува секој граѓанин – прашањето на платите.

**Табела 2. Ставови за еднаквоста во платите (средна вредност 4,7 на скала од 1 до 10)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Треба да се смалат разликите во платите, за сите да имаат подеднакво. | 62,1 % | 37,0 % | Треба да се зголемат разликите во платите, за да се поттикне вложувањето (трудот) на поединецот. | **10** |

На ова прашање, важноста на еднаквоста е уште поизразена. Со смалување на разликите во платите не се согласни само граѓаните со високи примања и со високо образование.

## Заклучоци

### 1. Граѓаните даваат предност на еднаквоста наспроти индивидуалните слободи

Еднаквоста е поважна за мнозинството граѓани (52,1 %), што го потврдува и рангирањето на овие две вредности (6,9 % наспроти 4,3 %).

### 2. Повеќето граѓани сакаат сите да заработуваат подеднакво

62,1 % граѓани преферираат помали разлики во платите, за сите да имаат подеднакво. Потребно е понатамошно истражување за одредување на причините на овој став – носталгија по минатото, реакција на зголемената социјална несигурност или преголем социјален јаз во нашето општество.

### 3. Во потрага по балансот меѓу слободата и еднаквоста

Поаѓајќи од важноста на односот на социјалната (не)еднаквост и развојот и просперитетот, потребни се понатамошни истражувања и општествена дебата за моделот на општествен развој.

# III НЕНАСИЛСТВО

Вредноста на ненасилството е истражувана преку ставовите за идеолошки засновано насилство и тероризам и ставовите за семејно насилство и оправданост на насилство за одмазда.

## Оправданост на тероризам

Големо мнозинство граѓани (92,5 %) не го оправдуваат тероризмот за ниту една цел. Не постојат разлики по социо-демографска основа.

**Графикон III 1. Ставови на граѓаните за оправданост на тероризмот**




## Оправданост на идеолошки засновано насилство

Големо мнозинство граѓани (96,4 %) не оправдува употреба на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели.

Не постојат разлики по социо-демографска основа. На пример, насилство не одобруваат ниту етничките Македонци (96 %), ниту етничките Албанци (98 %).

**Графикон III 2. Колку се согласувате дека употребата на насилството за остварување идеолошки (партиски, религиозни) цели е оправдана?**




## Оправданост на насилство за одмазда

Големо мнозинство граѓани (91,9 %) не се согласуваат со оправданоста на насилството заради одмазда. Иако во ставовите нема поголеми социо-демографски разлики, вклучувајќи и разлики на етничка основа, за забележување е повисоката оправданост на насилство заради одмазда меѓу младите од 18 до 29 г. (12 % оправданост, наспроти 7,7% кај вкупниот примерок), меѓу студентите (13 %) и во Скопје (17 %).

## Оправданост на семејно и на генерациско насилство

Поставени се прашања и за оправданоста на семејното насилство (мажот да ја тепа жената) и генерациско насилство, односно возрасните да ги тепаат помладите (родителите да ги тепаат децата; наставниците да ги тепаат учениците).

**Табела III 1. Оправданост на одредени форми на насилство**

| | Неоправдано | Оправдано | Средна вредност |
|---|---|---|---|
| **Родителите да ги тепаат децата** | 98,7 % | 1,1 % | 1,9 |
| **Маж да си ја тепа жената** | 97,5 % | 2,4 % | 1,4 |
| **Наставниците да ги тепаат учениците** | 96,5 % | 3,4 % | 1,6 |

Сите форми на насилство се перципирани како неоправдани од страна на граѓаните.

**Графикон III 3. Колкумина од вашите сограѓани**




Од друга страна, иако неоправдани, 21,5 % од граѓаните мислат дека скоро сите или повеќето сограѓани ги тепаат своите жени, а 30,1 % мислат скоро сите или повеќето сограѓани ги тепаат децата.

## Заклучоци

### 1. Тероризмот не е оправдан ниту за една цел

Големо мнозинство граѓани (92,5 %) не го оправдуваат тероризмот за ниту една цел. Не постојат разлики по социо-демографска основа.

### 2. Употребата на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели не е оправдана

Големо мнозинство граѓани (96,4 %) не оправдува употреба на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели. Не постојат разлики по социо-демографска основа. На пример, насилство не одобруваат ниту етничките Македонци (96 %), ниту етничките Албанци (98 %).

### 3. Неоправданост на насилство за одмазда

Големо мнозинство граѓани (91,9 %) не се согласуваат со оправданоста на насилство заради одмазда. Повисока оправданост на насилство заради одмазда има меѓу младите од 18 до 29 г. (12 % оправданост, наспроти 7,7 % кај вкупниот примерок), меѓу студентите (13 %) и во Скопје (17 %).

### 4. Неоправданост на семејно и на генерациско насилство

Неоправдани се семејното насилство (мажот да ја тепа жената - 98,7 %) и генерациското насилство, односно возрасните да ги тепаат помладите (родителите да ги тепаат децата: 97,5 %; наставниците да ги тепаат учениците: 96,5 %).

Од друга страна, иако неоправдани, 21,5 % од граѓаните мислат дека скоро сите или повеќето сограѓани ги тепаат своите жени, а 30,1 % мислат скоро сите или повеќето сограѓани ги тепаат децата.

### 5. Неоправданоста на сите форми на насилство го поддржуваат личниот вредносен систем и претставата за Македонија

На прашањето кои вредности најдобро ја претставуваат Македонија, граѓаните за прва вредност го имаат избрано мирот/ ненасилството, пред демократијата и почитта за други култури. Оваа вредност, мир/ ненасилство е и втора најважна лична вредност, по човековите права. Таквиот вредносен систем е поддржан со неоправданоста на сите форми на насилство.

# IV СОЛИДАРНОСТ

Солидарноста е испитувана преку неколку прашања за споделувањето на одговорноста, за заедништвото, меѓузависноста и грижата за другите. Таа е 10-та најважна лична вредност за граѓаните, а 12-та вредност која најдобро ја претставува Македонија (од можни 14). Несебичноста, како комплементарна на солидарноста, е 7-ма вредност (од можни 11) на која децата треба да се научат дома. Ваквите податоци ги потврдуваат и ставовите на граѓаните за грижата за другите луѓе. Од друга страна, несебичноста е петта најпосакувана вредност (од можни 13) која треба да ја има пратеникот за кој би гласал македонскиот граѓанин (Стојанова, Д., Клековски, С., 2011).

## Солидарноста на луѓето

Луѓето се грижат само за себе е став на големо мнозинство македонски граѓани (79 %). Средната вредност на скала од 1 до 10, каде 1 е луѓето се грижат само за себе и имајќи ги предвид само граѓаните кои се изјасниле за ова прашање изнесува 3,7. Во 2009 г. исто така мнозинство граѓани (50,7 %) сметале дека луѓето се грижат само за себе и не се заинтересирани за другите, за заедницата и за државата (Клековски, С. и др., 2009).

**Табела IV 1. Ставови за солидарноста на луѓето (средна вредност 3,7 на скала од 1 до 10)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Луѓето се грижат само за себе. | 79,0 % | 20,8 % | Луѓето се обидуваат да им помагаат на другите | **10** |

Нема поголеми разлики врз основа на социо-демографските карактеристики. Сепак, во солидарноста на луѓето повеќе веруваат постарите (4,2), домаќинките (4,3) и пензионерите (4,1), граѓаните со незавршено основно образование (4,4), симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (4,4) и ДУИ (4,2), како и граѓаните од североисточниот (4,5) и од вардарскиот регион (4,2).

## Загриженост за семејството и ранливите групи од Македонија

Граѓаните беа запрашани и за нивната загриженост за семејството и неколку ранливи групи граѓани, кои живеат во Република Македонија.

Македонските граѓани се најзагрижени за нивното потесно семејство, сиромашните деца и болните лица/лицата со хендикеп, а најмалку се загрижени за луѓето кои не живеат во Македонија.

**Графикон IV 1. Загриженост[1] за потесното семејство**




Големо мнозинство граѓани (79,1 %) се многу **загрижени за своето потесно семејство**, а ако се земат предвид и граѓаните кои се загрижени до одредена мера, тоа изнесува 95,1 %. Освен полот, сите други карактеристики имаат влијание врз загриженоста за сопственото семејство.

Граѓаните постари од 50 години се позагрижени од помладите. Етничките Албанци (92 %) и граѓаните од исламска вероисповед (90,6 %) чувствуваат поголема загриженост за своето семејство наспроти етничките Македонци (74,1 %) и граѓаните од православна вероисповед (74,2 %). Значителна разлика се јавува и врз основа на религиозноста, односно

[1] Загриженоста подразбира грижа за условите на живеење на одредена група граѓани.

религиозните граѓани се позагрижени (81,3 %) од нерелигиозните (67,7 %). Во однос на работниот статус, најголема загриженост за семејството се домаќинките (91,8 %). Загриженоста за семејството опаѓа со зголемувањето на нивото на образование, социјалниот статус и месечните примања. Симпатизерите на ДУИ (82,5 %) и ДПА (79,2 %) се позагрижени од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (66,1 %) и СДСМ (74,5 %). Граѓаните од руралните средини се позагрижени од оние од урбаните средини, како и граѓаните од источниот и полошкиот регион.

**Табела VIII 2. Загриженост за семејството врз основа на неколку социо-демографски карактеристики**

| | Најголема загриженост | Група | Помала загриженост | Група |
|---|---|---|---|---|
| **Возраст** | 85,5 % | Над 65 години | 75,7 % | 40-49 години |
| **Етничка припадност** | 92,0 % | Албанци | 74,1 % | Македонци |
| **Религија** | 90,6 % | Исламска | 74,2 % | Православна |
| **Религиозност** | 81,3 % | Религиозни | 67,7 % | Нерелигиоз. |
| **Работен статус** | 91,8 % | Домаќинка | 70,2 % | Државен сек. |
| **Социјална класа** | 85,4 % | Пониска класа | 64,3 % | Висока класа |
| **Образование** | 100,0 % | Незавршено основно | 69,8 % | Високо |
| **Место на живеење** | 82,3 % | Рурално | 73,1 % | Скопје |
| **Симпатизер на пол. партии** | 82,5 % | ДУИ | 66,1 % | ВМРО-ДПМНЕ |
| **Регион** | 99,4 % | Полошки | 59,5 % | Вардарски |

Мнозинство граѓани се многу загрижени и за неколку ранливи групи граѓани од Република Македонија.

**Графикон IV 2. Степен на загриженост за условите на живеење за неколку ранливи групи**




За **децата од сиромашните семејства** во Македонија многу се загрижени 70,8 % од граѓаните, а загрижени до одредена мера се 24,1 %. Иако, загриженоста за децата е споделена меѓу различните социо-демографски групи, сепак постарите граѓани (87, %)/ пензионерите и граѓаните од југозападниот и пелагонискиот регион покажуваат значително повисока грижа.

Две третини од македонските граѓани се многу загрижени за условите на живеење на **болните лица и лицата со хендикеп** (66,7 %) од Македонија, а заедно со граѓаните кои се до одредена мера загрижени, големо мнозинство (91,5 %) покажуваат грижа за оваа ранлива група. Загриженоста за болните и за лицата со хендикеп е споделена кај сите граѓани.

За условите на живеење на **невработените лица** од Македонија 59,5 % од граѓаните се многу загрижени, а уште 24,8 % се загрижени до одредена мера. На загриженоста за невработени во Македонија имаат влијание возраста, етничката и последователно и религиската припадност, религиозноста и регионот. Граѓаните постари од 65 години се повеќе загрижени за невработените (79,7 %), како и пензионерите (70,5 %). Од друга страна студентите покажуваат помала грижа (44,6 % се многу загрижени). Етничките Македонци

покажуваат поголема грижа за невработените (79,7 %) и граѓаните од православна вероисповед (65,4 %) од етничките Албанци (41,4 %) и граѓаните од исламска вероисповед (46,2 %). Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (71,2 %) и симпатизерите на СДСМ (72,3 %) покажуваат поголема грижа од симпатизерите на ДУИ (42,5 %) и ДПА (58,3 %). Граѓаните од пелагонискиот регион покажуваат поголема загриженост за невработените (84,1 %), а граѓаните од вардарскиот (27,8 %) и од полошкиот (22,2 %) најмала загриженост.

За условите на живеење на **старите лица** 42,7 % од македонските граѓани се многу загрижени, а дополнителни 38,6 % се загрижени до одредена мера. Очекувано постарите граѓани (76,8 %) и пензионерите (62,9 %) покажуваат голема грижа за оваа група граѓани. Студентите покажуваат помала грижа, односно 28,9 % од нив се многу загрижени за старите лица, а 26,5 % се малку и воопшто не се загрижени. Граѓаните од југоисточниот (58,9 %) и пелагонискиот (56,1 %) регион се позагрижени, за разлика од граѓаните од вардарскиот (8,9 %) и полошкиот (24,1 %) регион.

## Солидарност со луѓето од соседството, Македонија и светот

Граѓаните беа запрашани и за нивната загриженост за групи граѓани во зависност од местото на живеење: соседство, регион, Македонија и надвор од Македонија. Загриженоста опаѓа со оддалеченоста на граѓаните за кои се прашани, односно македонските граѓани се најзагрижени за соседите, а најмалку загрижени за луѓето кои не живеат во Македонија. Загриженоста за соседите (42,3 %) е скоро еднаква со општата загриженост за сите луѓе од целиот свет (42,7 %).

**Графикон IV 3. Степен на загриженост за условите на живеење на луѓето во зависност од нивното место на живеење**




Многу загрижени за условите на живеење на соседите се 42,3 % од граѓаните, а загрижени до одредена мера се 33,7 %. За соседите најголема грижа покажуваат етничките Албанци и граѓаните од исламска вероисповед (62,4 % т.е. 61,4 %), домаќинките (58,9 %) и постарите лица (56, %). Граѓаните од вардарскиот и од североисточниот регион покажуваат најмала грижа за луѓето од соседството.

Големата грижа за луѓето од регионот во кој живеат е поделена, односно подеднаков дел граѓани се многу загрижени и не се загрижени (29,5 %), а најголем дел се загрижени до одредена мера (40,4 %). Слично е и со грижата за граѓаните на Република Македонија, каде најголем дел од граѓаните се загрижени до одредена мера (40,3 %). За прв пат, учеството на граѓаните кои многу се загрижени (27,1 %) е помало од оние кои воопшто не се или се малку загрижени (31,5 %). Разликата се зголемува кога се во прашање луѓето кои не живеат во Република Македонија, каде мнозинство граѓани (63,1 %) се изјаснило дека не се или се малку загрижени. Ваквите ставови се потврдени од претходни истражувања за добротворството, каде приоритетот за дарување на граѓаните опаѓа со оддалеченоста на оние за кои треба да даруваат (Клековски С., Јаковлеска, Г., Стојанова Д., 2011).

На загриженоста за граѓаните од регионот, државата и надвор од неа влијаат помалку социо-демографски карактеристики, за разлика од влијанието за ранливите групи. Граѓаните од пелагонискиот регион покажуваат поголема грижа за сите групи (40,9 % за сограѓаните од пелагонискиот регион, 41,7 % за граѓаните на Македонија и 28,8 % за граѓаните кои не живеат во Македонија). Граѓаните постари од 65 години се доследни во грижата, па и за овие три групи граѓани тие се најзагрижени.

## Заклучоци

### 1. Луѓето се грижат само за себе

Големо мнозинство граѓани сметаат дека луѓето главно се грижат само за себе (79,0 %) или со други зборови не веруваат во солидарноста на луѓето. Овој став ги потврдува личниот вредносен систем и претставата за Македонија, односно солидарноста е во втората половина вредности кои им се лично најважни (10-та од можни 14) и кои најдобро ја претставуваат Македонија (12-та од можни 14). Исто така, не е толку битна вредност која децата треба да ја научат дома (7-ма од можни 11).

Во солидарноста на луѓето повеќе веруваат постарите граѓани, домаќинките и пензионерите, граѓаните со незавршено основно образование, симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

### 2. Голема загриженост за потесното семејство

Големо мнозинство граѓани (79,1 %) се многу загрижени за своето потесно семејство, а ако се земат предвид и граѓаните кои се загрижени до одредена мера, тоа изнесува 95,1 %. Постарите граѓани се позагрижени за семејството.

Претпоставената поврзаност по етничка и религиска основа и по симпатизерство на политичка партија има влијание на ставовите, па така етничките Албанци, граѓаните од исламска вероисповед и симпатизерите на ДУИ и ДПА покажуваат поголема загриженост за потесното семејство. Загриженоста за семејството опаѓа со зголемувањето на нивото на образование, социјалниот статус и месечните примања. Граѓаните од руралните средини се позагрижени од оние од урбаните средини.

### 3. Мнозинство граѓани се многу загрижени за децата од сиромашните семејства, болните лица и лицата со хендикеп и невработените во Македонија

За **децата од сиромашните семејства** во Македонија многу се загрижени 70,8 % од граѓаните, а загрижени до одредена мера се 24,1 %. Две третини од македонските граѓани се многу загрижени за условите на живеење на **болните лица и лицата со хендикеп** (66,7 %) од Македонија, а заедно со граѓаните кои се до одредена мера загрижени, големо мнозинство (91,5 %) покажуваат грижа за оваа ранлива група. За условите на живеење на **невработените лица** од Македонија 59,5 % од граѓаните се многу загрижени, а уште 24,8 % се загрижени до одредена мера.

Загриженоста за децата, како и за болните и за лицата со хендикеп е споделена кај сите граѓани. И за двете групи позагрижени се постарите граѓани, кои се позагрижени и за невработените. Претпоставената поврзаност по етничка и религиска основа и по симпатизерство на политичка партија има влијание на ставовите за грижата за невработените. Така етничките Македонци, граѓаните од православна вероисповед и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ покажуваат поголема загриженост за оваа група граѓани.

### 4. Помала загриженост за луѓето од соседството и од регионот, а најмала за луѓето кои не живеат во Македонија

Загриженоста на македонските граѓани опаѓа со оддалеченоста на граѓаните за кои се прашани. Македонските граѓани се најзагрижени за соседите (42,3 %), а се најмалку загрижени за луѓето кои не живеат во Македонија (9,4 %).

За соседите најголема грижа покажуваат етничките Албанци и граѓаните од исламска вероисповед (62,4 % т.е. 61,4 %), домаќинките (58,9 %) и постарите лица (56,5 %). За останатите групи граѓани нема поголеми разлики врз основа на социо-демографските карактеристики.

# V ДЕМОКРАТИЈА

Ставовите кон демократијата се истражувани преку ставовите на граѓаните за спектар на системи од автократија, до демократија.

**Графикон V I. Ставови на граѓаните за неколку типови политички системи**




Групирани, ставовите се прикажани во табелата подолу.

**Табела V 1. Групирани ставови на граѓаните**

| | Добар систем | Лош систем |
|---|---|---|
| **Демократски систем** | 82,7 % | 15,7 % |
| **Експертска власт** | 54,0 % | 43,2 % |
| **Воена власт** | 18,0 % | 79,1 % |
| **Моќен лидер (неизбран)** | 16,3 % | 80,7 % |

Поддршката на демократскиот политички систем е меѓу сите социодемографски групи, слично како што е неподдршката на воена власт и моќен лидер (неизбран). Поддршката за демократски систем е помала кај работничката класа, каде 24 % сметаат дека тоа е лош систем.

Ставот експерти, а не Влада да одлучуваат, има поголема поддршка меѓу етничките Македонци (59 % сметаат дека е добар систем), отколку кај етничките Албанци (38 %). Дека е добар ваквиот систем сметаат 76 % од симпатизерите на СДСМ, 49 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и 60 % од граѓаните кои не се симпатизери на ниту една политичка партија.

## Заклучоци

### 1. Висока поддршка на демократски политички систем

Демократскиот политички систем го поддржува големо мнозинство граѓани од сите социодемографски групи. Поддршката за демократски систем е помала кај работничката класа, каде 24 % сметаат дека тоа е лош систем. Големо мнозинство граѓани има став дека воена власт и моќен лидер (неизбран) се лош систем.

**2. Поддршката за демократскиот политички систем е поддржана од личниот вредносен систем.**

Високата поддршка за демократскиот политички систем е во согласност со претходните наоди во ова истражување дека демократијата е трета најважна вредност за граѓаните лично и втора вредност која најдобро ја претставува Македонија.

**3. Контроверзен став кон „експертска власт“**

Ставот експерти, а не Влада да одлучуваат, има мнозинска поддршка, со повисока поддршка меѓу етничките Македонци (59 % сметаат дека е добар систем) и 76 % од симпатизерите на СДСМ (76 %). Ваквиот став е во спротивност со ставот дека демократскиот политички систем е добар систем. Ова прашање заслужува понатамошно следење, за проверка на разбирањето и точноста.

# VI ТОЛЕРАНЦИЈА И ПОЧИТ КОН ДРУГИ КУЛТУРИ

Толеранцијата, во претходните две испитувања (во 2008 и во 2007 година) е истражувана со прашања за **социјална дистанца**, а во ова истражување тоа е дополнето и со истражување на постоењето **апсолутни стандарди**.

## Социјална дистанца кон соседите

Истражувано е дали граѓаните (не) би сакале да имаат соседи од одредени маргинализирани групи, наведени во графиконот подолу.

Големо мнозинство од испитаниците не сакаат соседи кои се зависници од дрога, зависници од алкохол, луѓе со криминално досие, лица заболени од сида и хомосексуалци. Малцинство граѓани не сакаат да живеат покрај имигранти/ странски работници и Роми, а мало малцинство не сакаат соседи да им бидат невенчани парови кои живеат заедно, лица со хендикеп, луѓе од друга вера, етничка припадност и симпатизери на друга политичка партија.

**Графикон VI.1. (Не)толеранција кон соседи од следниве групи:.**




Етничките Македонци и православните лица (25 %) се помалку толерантни кон лица од друга етничка заедница. Етничките Албанци, пак, се помалку толерантни кон лицата заболени од **сида** (92 %), хомосексуалците (85 %), невенчаните парови кои живеат заедно (46 %), но и кон лица со хендикеп (34 %).

Толеранцијата кон зависниците од дрога и алкохол е намалена во однос на 2008 година за 3,7, односно 8,6 процентни поени. Слично е и со имигрантите, каде тоа намалување е цели 11,4 процентни поени. Од друга страна, има зголемена толеранција кон луѓе од друга етничка заедница, вклучително и Ромите (11,2), луѓе од друга вера (8,4), хомосексуалци (5,2).

**Социјална дистанца кон дневни центри за маргинализирани групи**

Оваа година прашањето на толеранција е истражувано и со дополнително прашање – за согласност за лоцирање во соседството на дневни центри за грижа или ресоцијализација на одредени маргинализирани групи.

Слично како и за претходното прашање, големо мнозинство испитаници се нетолерантни кон установи за зависници од дрога и алкохол. Мнозинство граѓани не се согласуваат за лоцирање дневни центри (за лица со психички проблеми, жртви на трговија со луѓе, кафилерија, терминално болни и жртви на насилство). Толеранција (мнозинска поддршка) има само за објекти за лица со хендикеп и (значително мнозинство) за домови за стари лица.

**Графикон VI 2. Согласност за дневни центри за грижа или ресоцијализација во соседството**




Етничките Албанци и муслиманите се помалку толерантни кон институции за згрижување жртви на насилство (69 %), кон жртви на трговија со луѓе (77 %), кафилерии (77 %).

Во речиси сите случаи на овие две прашања, степенот на толеранција расте со нивото на образованието и со висината на примањата во домаќинството. Исто така, може да се констатира дека помалку толерантни се земјоделците, домаќинките и невработените лица.

## Постоење апсолутни стандарди

За оценка на постоењето апсолутни стандарди, воведени се две нови прашања, за ставови во врска со религијата и политичките партии, на кои испитаниците избираа еден од можните четири одговори.

**Графикон VI 3. Ставови за религијата**




Ставовите за религиите се поделени. Секој трет граѓанин смета дека постои само една вистинска религија или дека и другите содржат некои вистини, а секој четврти дека е тоа случај со сите светски религии. Многу мало малцинство смета дека ниту една религија не нуди вистина, што е во соодносс со нивото на религиозност (околу 80 %) на македонското општество.

Има поголемо отстапување кај етничките Албанци, односно исламските верници, кај кои речиси половина (49 %, односно 47 %) сметаат дека има само една вистинска религија.

**Графикон VI 4. Ставови за политичките партии**




За разлика од религиите, на прашањето за ставови за политичките партии доминира одговорот дена ниту една од поголемите политички партии не е исправна (42,6 %).

Тоа го мислат и меѓу 25 % и 35 % од симпатизерите на четирите најголеми партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА). Повеќе испитаници со ваков став се лицата со пониско образование и помали примања.

## Заклучоци

### 1. И натаму ниско ниво на толеранција

Во Македонија има голема општа нетолеранција и особено кон пет категории луѓе: соседи кои се зависници од дрога, зависници од алкохол, луѓе со криминално досие, лица заболени од сида и хомосексуалци.

### 2. Зголемена толеранција кон некои групи, за првпат мнозинска толеранција кон Ромите

Во однос на 2008 година, зголемена е толерантноста кон луѓе од други етнички заедници, луѓе од друга вера и хомосексуалци. За одбележување е тоа што прв пат во истражувањата мнозинството испитаници (56,6 %) искажуваат толеранција кон Ромите.

### 3. Малцинска поддршка и за дневни центри за загрозени лица

Граѓаните не би сакале установи за згрижување маргинализирани групи во своето соседство, освен за пензионерски домови (81,7 % поддршка). За мнозинството (57,8 %) е во ред да има во соседството и дневен центар за лица со хендикеп.

### 4. Религијата е апсолутен стандард – еден од три граѓани има став дека има само една вистинска религија и тоа го мисли еден од двајца етнички Албанци

Околу 80 % од граѓаните се религиозни, а 92 % сметаат дека религиите нудат некои основни вистини.

Еден од три граѓани (30,9 %) има став дека има само една вистинска религија и таков став имаат еден од двајца или половина од етничките Албанците, односно муслиманите (49 %, односно 47 %). Доколку се вклучат и ставовите дека има една религија, но дека и другите религии содржат некои основни вистини, тогаш 62,7 % од граѓаните сметаат дека има една религија. Кај етничките Албанците, односно муслиманите, таков став имаат 79 %, односно 80 %, додека кај етничките Македонци таков став имаат 55 %.

### 5. Партиите се апсолутен стандард за незначително малцинство граѓани - малцинство граѓани веруваат во исправноста на една или повеќе политички партии

Дека постои една исправна партија, смета незначително малцинство од 8,4 %. Сумирани ставовите дека постои една или има повеќе исправни партии, тие изнесуваат 48,9 %, наспроти ставот дека ниедна партија не е исправна (42,6 %), вклучително и за секој четврти нивни член.

# VII ОДНОС КОН ПРИРОДАТА

Човекот е доминатно суштество на планетата Земја, така што сите негови постапки имаат влијание врз одржливост на природната/ животната средина. Согласноста на луѓето за одржливост на животната средина е основа за преземање акција за нејзино зачувување. Оваа согласност на луѓето бара промена на вредностите кај човекот и нов начин на размислување за неговиот однос со природата. Односот на македонските граѓани кон природата беше истражуван преку пет прашања.

Македонските граѓани сметаат дека **луѓето треба да живеат во согласност со законите на природата** (82,9 %). Ваквиот став е поткрепен и со високата согласност што ја даваат за нивната одговорност за зачувување на животната средина ( %) (Клековски С., Јаковлеска Г., Стојанова Д., 2011). Незначително малцинство смета дека луѓето треба да господарат со природата.

**Табела VII 1. Став за однесувањето на луѓето кон природата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Луѓето треба да живеат во согласност со законите на природата | 82,9 % | 6,9 % | Луѓето треба да господарат со природата |

Нивото на согласност за **почитувањето на природата** зависи од неколку социо-демографски карактеристики. Поголеми разлики се јавуваат на етничка и на религиска припадност, поточно етничките Албанци помалку се согласуваат со овој став (67,3 %), како и припадниците на исламската вероисповед (67,8 %). Понатаму, граѓаните од Скопје и од скопскиот регион даваат поголема согласност (94,5 %, т.е. 92,1 %) за почитувањето на природата, за разлика од оние кои живеат во другите градови (83,5 %) и во руралните средини (76,7 %). Граѓаните кои не се симпатизери на политичка партија или ги симпатизираат ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ изразуваат поголема согласност (над 90 %) за тоа дека луѓето треба да живеат согласно природните закони. Согласноста опаѓа со опаѓањето на социјалниот статус, нивото на образование и месечните примања.

Мнозинство македонски граѓани сметаат дека луѓето влијаат негативно на природата и дека ниту луѓето ниту самата природа не може да се справи со последиците.

**Графикон VII 1. Ставови на граѓаните за нивниот однос кон природата**



**Мешањето на луѓето во законите на природата често предизвикува катастрофални последици** е ставот на големо мнозинство граѓани (75,4 %). Ставот е споделен кај скоро сите групи граѓани. Поголема разлика се јавува врз основа на симпатизерството на политичките партии, каде граѓаните кои не се симпатизери на политичка партија (86,3 %) или го симпатизираат ВМРО-ДПМНЕ (81,4 %) даваат повисока согласност од симпатизерите на СДСМ (69,1 %), на ДУИ (67,5 %) и на ДПА (66,7 %). Жителите на југоисточниот и на југозападниот регион исто така даваат значително поголема согласност (над 90 %) од другите граѓани.

Граѓаните се поделени околу мислењето дека **се приближуваме до граничниот број луѓе кој Земјата може да го поднесе**. Сепак преовладува согласувањето (51,5 %) со овој став. Нема поголеми разлики врз основа на социо-демографските карактеристики, освен врз основа на религиозност. Религиозните граѓани се поделени околу овој став (49,4 % се согласуваат, наспроти 46,0 % кои не се согласуваат), додека кај нерелигиозните повисоко е мислењето дека се приближуваме до максималниот број жители на планетата (61,5 % наспроти 37,9 %).

Мнозинство граѓани смета дека **луѓето не се доволно интелигентни и дека природата е доволно јака за да се справи со негативното влијание на човечките постапки**. Сепак, посигурни се во сопствената генијалност (44,4 %), отколку во силата на природата (34,7 %). Етничките Македонци, припадниците на православната вероисповед и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ повеќе веруваат дека човечката генијалност ќе осигури дека Земјата ќе остане погодна за живеење. Од друга страна, етничките Албанци, припадниците на исламската вероисповед и симпатизерите на ДУИ и на ДПА повеќе веруваат дека природната рамнотежа е доволно силна за да се справи со загадувањето предизвикано од модерните индустрии. Граѓаните од југозападниот регион имаат поголема верба и во човечката интелигенција и во силата на природата, од другите граѓани.

## Заклучоци

### 1. Луѓето треба да живеат во согласност со законите на природата

Македонските граѓани сметаат дека луѓето треба да живеат во согласност со законите на природата (82,9 %). Ваквиот став е поткрепен и со високата согласност (92,4 %) што ја даваат за нивната одговорност за зачувување на животната средина. Незначително малцинство смета дека луѓето треба да господарат со природата.

Нивото на согласност за **почитувањето на природата** опаѓа со опаѓањето на социјалниот статус, нивото на образование и месечните примања.

### 2. Мнозинство македонски граѓани сметаат дека ниту луѓето ниту самата природа не можат да се справат со последиците од негативното влијание на човекот

Мешањето на луѓето во законите на природата често предизвикува катастрофални последици е ставот на големо мнозинство граѓани (75,4 %) и е споделен кај скоро сите групи граѓани. Граѓаните се поделени околу мислењето дека се приближуваме до граничниот број луѓе кој Земјата може да го поднесе. Сепак преовладува согласувањето (51,5 %) со овој став.

Мнозинство граѓани смета дека луѓето не се доволно интелигентни и дека природата е доволно јака за да се справи со негативното влијание на човечките постапки. Сепак посигурни се во сопствената генијалност (44,4 %), отколку во силата на природата (34,7 %).

# VIII РЕЛИГИОЗНОСТ И ОДНОС КОН ОДРЕДЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ/СЕКУЛАРНИ ВРЕДНОСТИ

## Религиозност

Разликата меѓу димензиите на традиционални и на секуларни/ рационални вредности е заснована на значењето на религијата. Традиционалните општества се порелигиозни, во нив постојат апсолутни стандарди (вистини), со традиционални семејни односи и врски меѓу родителите и децата, како и неоправдување развод, абортус, евтаназија и самоубиство (Inglehart, R., Welzel, C., 2005).

Во Македонија се чувствуваат религиозни 79,7 % од граѓаните.

**Графикон VIII 1. Дали сметате дека сте религиозна личност**




Религиозноста е без промени во однос на 2009 г. кога изнесувала 83,3 %.

**Табела VIII 1. Највисока и најниска религиозност по социо-демографски групи**

| | Највисока религиозност | Група | Најниска религиозност | Група |
|---|---|---|---|---|
| **Пол** | 83,3 % | Жени | 76,8 % | Мажи |
| **Етничка припадност** | 96,2 % | Албанци | 73,8 % | Македонци |
| **Религија** | 94,2 % | Исламска | 74,1 % | Православна |
| **Образование** | 84,4 % | Основно | 74,4 % | Високо |
| **Место на живеење** | 86,3 % | Рурално | 77,2 % | Скопје |
| **Симпатизер на политички партии** | 100 % | ДУИ | 62,8 % | СДСМ |

Овој наод е потврден и со други истражувања. Според надгледувањето на Балкан на Галуп од 2010 г., големо мнозинство граѓани сметаат дека религијата е важен дел од нивниот живот, и тоа за 97 % етнички Албанци (91 % во 2006 г.) и за 70 % етнички Македонци (74 % во 2006 г.). Етничките Албанци во Македонија ѝ придаваат најголема важност на религијата во регионот на Балканот. Религијата има поголема важност отколку за етничките Македонци, за косовските Албанци (89 %) и Срби (81 %), за босанските Срби (81 %) и Хрвати (79 %), слична важност за Хрватите (68 %), а помала важност за Црна Гора (60 %), за Србија (53 %), за Бошњаците (49 %) и за Албанија (44 %).

## Одредени традиционални и секуларни вредности

Граѓаните беа прашани и за односот кон традиционалните и кон секуларните рационални вредности преку неколку прашања.

Ниту една појава нема мнозинска поддршка (оправданост), односно со исклучок на разводот, големо мнозинство од граѓаните не ги оправдуваат наведените појави.

**Графикон VIII 2. Неоправданост на (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост и во %)**




Малцинство граѓани го смета разводот за оправдан, а мало малцинство ги смета абортусот, евтаназијата и случајниот секс за оправдани. Незначително малцинство смета дека се оправдани хомосексуалноста, лажењето, сексуалната работа (проституцијата) и земањето лесни дроги. Самоубиството е најмалку оправдано.

Ставовите во 2010 година покажуваат стабилност во неоправданоста на сексуалната работа (проституцијата), хомосексуалноста и евтаназијата, како и зголемување на ставот за неоправданоста на абортусот и разводот.

**Табела VIII 2. Споредба на ставовите во 2010 и 2009 г.**

| Неоправданост | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Развод** | 67,6 % | 58,9 % |
| **Абортус** | 75,1 % | 64,9 % |
| **Евтаназија** | 73,1 % | 76,4 % |
| **Хомосексуалност** | 89,6 % | 91,6 % |
| **Сексуална работа (проституција)** | 94,8 % | 92,4 % |

## Честота на појавите меѓу сограѓаните

Дел од гореспоменатите појави се погледнати и од агол колку тие се случуваат или практикуваат од сограѓаните (од другите граѓани во земјава). Во графиконот VIII 3., прикажаните проценти се однесуваат на граѓани кои сметаат дека појавата е честа (скоро сите, поголем дел), наспроти ретка (помал дел, скоро никој).

**Графикон VIII 3. Колкумина од вашите сограѓани сметаат дека**




Граѓаните сметаат дека најчеста појава кај сограѓаните е лажењето за личен интерес, а најретка појава е хомосексуалноста.

**Табела VIII 3. Споредба на ставовите за оправданост и практикување**

| | Оправдано е | Сограѓаните го практикуваат |
|---|---|---|
| Лажење за личен интерес | 9,9 % | 75,7 % |
| Земање лесни дроги | 3,0 % | 40,9 % |
| Имање случаен секс | 18,6 % | 36,3 % |
| Сексуална работа (проституција) | 4,8 % | 26,0 % |
| Хомосексуалност (се хомосексуалци) | 9,7 % | 8,3 % |

Во однос на лажењето, лесните дроги и сексуалната работа, постои голем јаз меѓу ставовите за (не)оправданост и честота на практикување од страна на сограѓаните.

## Социо-демографски разлики

Социо-демографските разлики во ставовите се појавуваат пред сè кај појавите кои ги оправдуваат малцинство (развод) или мало малцинство граѓани (абортус, евтаназија и случаен секс). Разликите се помали во однос на појавите кои ги оправдува незначително малцинство (хомосексуалност, лажење, сексуална работа (проституција) и земање лесни дроги).

Како илустрација, подолу се прикажани разликите по одредени социо-демографски белези/ групи во однос на абортусот (средна вредност 3,6).

**Табела VIII 4. Ставови за абортусот врз основа на неколку социо-демографски карактеристики (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост)**

| | Најниска оправданост | Група | Највисока оправданост | Група |
|---|---|---|---|---|
| Пол | 3,3 | Мажи | 4,0 | Жени |
| Возраст | 3,4 | 18-29 г. | 3,8 | 50-64 г. |
| Етничка припадност | 2,3 | Албанци | 4,2 | Македонци |
| Религија | 2,4 | Исламска | 4,2 | Православна |
| Религиозност | 3,3 | Религиозни | 5,2 | Нерелигиоз. |
| Работен статус | 2,7 | Земјоделец, домаќинка | 3,9 | Државен сек. |
| Социјална класа | 3,5 | Пониска класа | 4,0 | Повисока средна класа |
| Образование | 2,8 | Основно | 4,4 | Високо |
| Место на живеење | 3,1 | Рурално | 4,2 | Скопје |
| Симпатизер на пол. партии | 2,6 | ДУИ | 4,3 | СДСМ |
| Член на граѓанска орг. | 2,6 | Не | 2,8 | Да |
| Регион | 2,2 | Полошки | 5,1 | Источен |

Разликите меѓу мажи и жени за важни родови прашања се релативно мали. Најголема разлика постои во оправданоста на случајниот секс.

**Табела VIII 5. Споредба на ставовите на мажите и на жените за важни родови прашања (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост)**

| | Мажи | Жени | Вкупно / национално ниво |
|---|---|---|---|
| Развод | 4,0 | 4,8 | 4,4 |
| Абортус | 3,3 | 4,0 | 3,6 |
| Случаен секс | 3,4 | 2,5 | 3,0 |
| Хомосексуалност | 1,9 | 2,4 | 2,1 |
| Сексуална работа (проституција) | 2,0 | 1,5 | 1,8 |
| Маж да си ја тепа жената | 1,4 | 1,2 | 1,3 |
| Родителите да ги тепаат децат | 1,9 | 1,8 | 1,9 |

Етничките разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци и меѓу граѓаните од православна христијанска и од исламска вера се јавуваат кај сите ставови. Кај појавите со повисоко ниво на оправданост, разликите меѓу етничките групи се поголеми, отколку кај појавите кои ги оправдува незначително малцинство, каде ставовите се поблиски.

**Табела VIII 6. Споредба на ставовите на етничките Македонци и на етничките Албанци (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост)**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Вкупно / национално ниво |
|---|---|---|---|
| Развод | 4,8 | 3,2 | 4,4 |
| Абортус | 4,2 | 2,3 | 3,6 |
| Случаен секс | 3,5 | 1,8 | 3,0 |
| Хомосексуалност | 2,3 | 1,5 | 2,1 |
| Сексуална работа (проституција) | 1,9 | 1,5 | 1,8 |
| Маж да си ја тепа жената | 1,3 | 1,3 | 1,3 |

Разликите во ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, како и меѓу граѓаните од православна христијанска и од исламска вера, може да се објаснат со различниот степен на религиозност.

Религиозноста влијае на одредени ставови. Граѓаните кои се религиозни и кои не се религиозни имаат многу слични ставови во однос земањето лесни дроги и сексуална работа (проституција). Граѓаните кои се религиозни помалку го оправдуваат абортусот и евтаназијата.

**Табела VIII 7. Споредба на ставовите на религиозните и на нерелигиозните граѓани (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост)**

| | Религиозни | Нерелигиозни | Вкупно / национално ниво |
|---|---|---|---|
| Развод | 4,1 | 5,5 | 4,4 |
| Абортус | 3,3 | 5,2 | 3,6 |
| Евтаназија | 3,0 | 5,0 | 3,0 |
| Случаен секс | 2,8 | 3,8 | 3,0 |
| Лажење за личен интерес | 2,3 | 2,7 | 2,3 |
| Хомосексуалност | 2,0 | 2,8 | 2,1 |
| Сексуална работа (проституција) | 1,7 | 2,2 | 1,8 |
| Земање на лесни дроги | 1,4 | 1,8 | 1,5 |
| Маж да си ја тепа жената | 1,3 | 1,4 | 1,3 |

Наспроти очекувањата, не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

**Табела VIII 8. Споредба на ставовите на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ (по средна вредност на скала од 1 до 10, каде 1 значи целосна неоправданост)**

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | Вкупно / национално ниво |
|---|---|---|---|
| Развод | 4,8 | 4,2 | 4,4 |
| Абортус | 4,1 | 4,3 | 3,6 |
| Евтаназија | 3,9 | 4,1 | 3,0 |
| Случаен секс | 3,9 | 3,4 | 3,0 |
| Лажење за личен интерес | 2,6 | 2,4 | 2,3 |
| Хомосексуалност | 2,1 | 2,1 | 2,1 |
| Сексуална работа (проституција) | 1,9 | 2,0 | 1,8 |
| Земање на лесни дроги | 1,5 | 1,3 | 1,5 |
| Маж да си ја тепа жената | 1,4 | 1,3 | 1,3 |

## Заклучоци

### 1. Македонија во социјална смисла е традиционална земја.

Во прилог на тоа се високата религиозност (околу 80 %), постоењето апсолутни стандарди (62,7 % од граѓаните сметаат дека има една вистинска религија), неоправданоста на разводот, абортусот, евтаназијата и хомосексуалноста.

Според Прегледот на светските вредности, националните индекси за традиционални/ секуларни вредности се движат од најнискиот во традиционална Ирска (-0,91), до највисокиот во секуларна Шведска (1,67). Во регионот вредностите се движат од најнискиот во Хрватска (0,08), преку Македонија (0,12), до Србија (0,65), Словенија (0,95) и Бугарија (1,15).

### 2. Четири од пет граѓани се чувствуваат религиозни

Религиозни се чувствуваат 79,7 % од граѓаните, 15,1 % се чувствуваат нерелигиозно, а атеисти се 1,2 %. Религиозноста е без промени во однос на 2009 г. кога изнесувала 83,3 %. Повеќе се религиозни жените (83,3 %), етничките Албанци (96,2 %), припадниците на исламот (94,2%), граѓаните со основно образование (84,4 %) и тие кои живеат во рурални подрачја (86,3 %). Етничките Албанци во Македонија се најрелигиозна група на Балканот, а етничките Македонци се слично религиозни на Хрватите.

### 3. Најголема неоправданост има самоубиството, најмала разводот

Најголема неоправданост имаат самоубиството (98,5 %), земањето лесни дроги (96,7 %) и сексуалната работа (проституцијата) (94,8 %), додека евтаназијата (неоправданост 73,1 %), абортусот (75,1 %) и разводот (67,6 %) имаат повисока оправданост, но сè уште од малцинство граѓани. Хомосексуалноста не ја оправдуваат 89,6 % од граѓаните.

### 4. Лажењето, лесните дроги и случаен секс: неоправдани, но практикувани од сограѓаните

Иако не ги оправдуваат, граѓаните сметаат дека се практикувани од страна на повеќето нивни сограѓани лажењето за личен интерес (75,7 %), земањето лесни дроги (40,9 %) и случаен секс (36,3 %). На пример, оправдувањето случаен секс е 18,6 %, а 36,3 % сметаат дека тоа го прават сите или повеќето сограѓани.

### 5. Профил на традиционален и секуларен граѓанин

Граѓаните на Македонија се традиционални. Сепак може да се издвојат одредени социодемографски групи кои се повеќе или помалку традиционални. Според ставовите за абортус профилот на повеќе традиционален граѓанин би бил: етнички Албанец, припадник на исламот, религиозен, со пониско образование, од рурално подрачје. Овој профил е сличен на профилот на религиозност.

### 6. Мажите и жените не се со многу различни ставови

Разликите меѓу мажи и жени за важни родови прашања се релативно мали. Најголема разлика постои во оправданоста на случаен секс каде средната вредност кај мажите е 3,4, а кај жените е 2,5 (на скала од 1 до10)

### 7. И понатаму без позначајни партиски (идеолошки) разлики

Не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, на прашањата како развод, абортус и хомосексуалност.

# Прилог 1. Прашалник

## I Вредности

**П1. Кои три од следните вредности се најважни за вас лично?**
1 - Владеење на правото
2 - Почитување на човековиот живот
3 - Човекови права
4 - Индивидуални слободи
5 - Себереализација
6 – Демократија
7 – Отчетност/транспарентност
8 – Мир / ненасилство
9– Еднаквост
10 - Еднаквост меѓу родовите
11 - Солидарност, поддршка на другите
12 - Толеранција
13 - Почит за другите култури
14 – Однос кон природата (одржливост)

**П2. Кои три од следните вредности најдобро ја претставуваат Македонија?**
1 - Владеење на правото
2 - Почитување на човековиот живот
3 - Човекови права
4 - Индивидуални слободи
5 - Себереализација
6 – Демократија
7 – Отчетност/транспарентност
8 – Мир / ненасилство
9– Еднаквост
10 - Еднаквост меѓу родовите
11 - Солидарност, поддршка на другите
12 - Толеранција
13 - Почит за другите култури
14 – Однос кон природата (одржливост)

**П3. Ве молам од оваа листа на квалитети/карактеристики, изберете според вас кои се петте најважни карактеристики кои детето треба да ги научи дома.**

| | Спомнати | Неспомнати | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|
| Добро однесување | | | | |
| Независност | | | | |
| Трудољубивост) | | | | |
| Чувство за одговорност | | | | |
| Имагинација/фантазија | | | | |
| Толеранција и почит за другите | | | | |
| Штедливост, чување на парите и предметите | | | | |
| Одлучност, истрајност | | | | |
| Вера (религиозност) | | | | |
| Несебичност | | | | |
| Послушност | | | | |
| Ниту една (спонтано) | | | | |

## II Слобода и еднаквост

**П4. Која од овие две изјави е најблиску до вашиот сопствен став/уверување?**
1- Сметам дека и слободата и еднаквоста се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ја сметал за поважна личната слобода, односно секој да живее во слобода и да се развива без пречки.
2 - Секако и слободата и еднаквоста се важни. Но, ако би требало да избирам меѓу нив, би ја сметал за поважна еднаквоста, односно никој да не биде општествено обесправен и разликите меѓу социјалните класи не се толку силни
3 – Не се сложувам со ниту една од наведените изјави (спонтано)
Не знам / Без одговор

**П5. На оваа картичка гледате повеќе спротивни ставови за различни општествени прашања. Како вие би ги одредиле своите ставови на оваа скала? Кој од двата става ви е поблизок?**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Треба да се смалат разликите во платите, за сите да имаат подеднакво. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Треба да се зголемат разликите во платите, за да се поттикне вложувањето (трудот) на поединецот. |

## III Ненасилство

**П6. Тероризмот е секојдневна тема во вестите. Во принцип, повеќето луѓе се против тероризмот, но сепак има разлики во мислењата. Ве молиме кажете ми со која од следните две изјави се согласувате?**

1 – Може да има одредени услови кога тероризмот е оправдан
2 – Тероризмот не е оправдан ниту за една цел

**П7. Колку се согласувате со следниве изјави:**

| | Потполно се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно не се согласувам | Воопшто не се согласувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Употребата на насилството за остварување на идеолошки (партиски, религиозни) цели не е оправдана. | | | | | | |
| Употребата на насилство заради одмазда не е оправдана. | | | | | | |

**П8. Ве молам кажете ми за секоја од следните активности дали мислите дека секогаш може да биде оправдана, или нешто измеѓу, на скала од 1 до 10**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маж да си ја тепа жената | | | | | | | | | | |
| Родителите да ги тепаат децата | | | | | | | | | | |
| Наставниците да ги тепаат учениците | | | | | | | | | | |

**П9. Колкумина од сограѓаните (граѓаните на Република Македонија) го прават следново:**

| | Скоро сите | Поголем дел | Помал дел | Скоро никој | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ги тепаат своите жени | | | | | | |
| Тепаат деца | | | | | | |

## IV Солидарност

**П10. Дали би рекле дека поголемиот дел од времето луѓето се обидуваат да бидат од корист или главно се грижат сами за себе. Ве молам направете проценка на скала од 1 до 10.**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓето се грижат само за себе. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Луѓето се обидуваат да им помагаат на другите |

**П11. До кој степен се чувствувате загрижени за условите на живеење на:**

| | Многу сум загрижен/а | Прилично сум загрижен/а | До одредена мера | Не сум многу загрижен/а | Воопшто не сум загрижен | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вашето потесно семејство | | | | | | | |
| Луѓето од вашето соседство | | | | | | | |
| Луѓето од регионот во кој живеете | | | | | | | |
| Граѓаните на Република Македонија | | | | | | | |
| Луѓето кои не живеат во Република Македонија | | | | | | | |
| Сите луѓе од целиот свет | | | | | | | |
| Старите луѓе во Македонија | | | | | | | |
| Невработените луѓе во Македонија | | | | | | | |
| Болните лица и лицата со хендикеп во Македонија | | | | | | | |
| Децата од сиромашните семејства во Македонија | | | | | | | |

## V Демократија

**П12. Ќе ви опишам различни типови политички системи. Ве молам кажете ми што мислите за секој од нив како начин на управување со Република Македонија?**

| | Многу добар | Добар | Лош | Многу лош | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Моќен лидер кој нема да дава отчет пред собранието и нема да оди на избори | | | | | | |
| Експертите, а не влада, да одлучуваат според тоа што мислат тие дека е најдобро за земјата | | | | | | |
| Армијата да владее со земјата | | | | | | |
| Демократски политички систем | | | | | | |

## VI Толеранција и почит кон други култури

**П13. Од следниве групи луѓе, именувајте ги оние што не би сакале да ви бидат соседи?**

| | Би сакал/а | Не би сакал/а | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|
| Луѓе од друга етничка припадност | | | | |
| Луѓе од друга вера | | | | |
| Роми | | | | |
| Имигранти / странски работници | | | | |
| Зависници од дрога | | | | |
| Зависници од алкохол | | | | |
| Лица заболени од СИДА | | | | |
| Хомосексуалци | | | | |
| Невенчани парови кои живеат заедно | | | | |
| Луѓе со криминално минато | | | | |
| Лица кои симпатизираат или членуваат во политичка партија, спротивна од онаа која вие ја симпатизирате | | | | |
| Лица со хендикеп (телесен/ментален) | | | | |

**П14. Од дневните центри за грижа или ресоцијализација на следниве групи, ве молиме именувајте ги оние, кои не би сакале да бидат лоцирани во вашето соседство (месна заедница)**

| | Би сакал/а | Не би сакал/а | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|
| Стари лица | | | | |
| Терминално болни | | | | |
| Лица со хендикеп (телесен/ментален) | | | | |
| Зависници од дрога и алкохол | | | | |
| Жртви на насилство (жени, деца) | | | | |
| Жртви на трговија со луѓе | | | | |
| Кафилерија (засолниште за животни) | | | | |
| Лица со психички проблеми | | | | |

**П15. Ќе прочитам некои изјави кои понекогаш се слушаат. Ве молиме изберете една изјава, која најдобро го одразува вашиот став:**

1 - Постои само една вистинска религија,
2 - Постои само една вистинска религија, но и другите религии содржат некои основни вистини,
3 - Не постои една вистинска религија, сите светски религии содржат некои основни вистини,
4 - Ниту една од големите религии не нуди некоја вистина.
Не знам (спонтано) / Без одговор (спонтано)

**П16. Ќе прочитам некои изјави кои понекогаш се слушаат. Ве молиме изберете една изјава, која најдобро го одразува вашиот став:**

1 – Постои само една исправна политичка партија
2 - Постои една исправна политичка партија, но и другите партии имаат добри работи
3 - Не постои една исправна политичка партија, но сите политички партии содржат некоја добра работа
4 - Ниту една од поголемите политички партии не е исправна
Не знам (спонтано) / Без одговор (спонтано)

## VII Однос кон природата

**П17. Ве молам да ми го кажете вашето мислење за секоја од следниве изјави за животната средина?**

| | Потполно се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно не се согласувам | Воопшто не се согласувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се приближуваме до граничниот број луѓе кој Земјата може да го поднесе. | | | | | | |
| Мешањето на луѓето во законите на природата често предизвикува катастрофални последици. | | | | | | |
| Човечката генијалност ќе осигури дека Земјата ќе остане погодна за живеење. | | | | | | |
| Рамнотежата на природата е доволно силна за да се справи со загадувањето предизвикано од модерните индустрии. | | | | | | |

**П18. Ве молам да ми кажете со која од следните две изјави се согласувате**
1 – Луѓето треба да господарат со природата
2 – Луѓето треба да коегзистираат со природата

## VIII Религиозност и однос кон одредени традиционални/ секуларни вредности

**П19. Ве молам кажете ми за секоја од следните активности дали мислите дека секогаш може да биде оправдана, или нешто меѓу, на скала од 1 до 10.**

| | Никогаш не е оправдано | | | | | | | | | Секогаш е оправдано |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Хомосексуалност | | | | | | | | | | |
| Абортус | | | | | | | | | | |
| Развод | | | | | | | | | | |
| Еутаназија-прекинување на животот заради неизлечлива болест | | | | | | | | | | |
| Самоубиство | | | | | | | | | | |
| Проституција | | | | | | | | | | |
| Лажење за личен интерес | | | | | | | | | | |
| Имање случаен секс | | | | | | | | | | |
| Земање лесни дроги (на пр. марихуана, хашиш) | | | | | | | | | | |

**П20. Колкумина од сограѓаните (граѓаните на Република Македонија) го прават следново:**

| | Скоро сите | Поголем дел | Помал дел | Скоро никој | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се хомосексуалци | | | | | | |
| Се проституираат | | | | | | |
| Лажат за личен интерес | | | | | | |
| Имаат случаен секс | | | | | | |
| Земаат лесни дроги (на пр. марихуана, хашиш) | | | | | | |

# Прилог 2. Структура на примерокот

Примерокот опфати 1.066 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 54,6 |
| Жена | 45,4 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 години | 28,0 |
| 30-39 години | 19,0 |
| 40-49 години | 22,8 |
| 50-65 години | 23,7 |
| Над 65 години | 6,5 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 67,4 |
| Албанец/ка | 24,7 |
| Турчин/ка | 1,3 |
| Ром/ка | 3,3 |
| Србин/ка | 0,2 |
| Влав/инка | 2,3 |
| Бошњак/чка | 0,7 |
| Друго | 0,2 |
| **Припадност на религија** | **%** |
| Православна | 67,7 |
| Исламска | 30,9 |
| Католичка | 0,3 |
| Друга | 0,2 |
| Не припаѓам на ниедна религија/атеист | 0,8 |
| **Религиозност** | |
| Религиозна личност | 79,7 |
| Нерелигиозна личност | 15,1 |
| Атеист | 1,2 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 16,0 |
| Вработен во приватен сектор | 31,9 |
| Земјоделец | 2,2 |
| Студент | 7,8 |
| Домаќинка | 6,8 |
| Невработен | 22,9 |
| Пензионер | 12,4 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 1,3 |
| Повисока средна класа | 17,6 |
| Пониска средна класа | 37,3 |
| Работничка класа | 29,5 |
| Пониска класа | 9,0 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 1,4 |
| Основно | 16,9 |
| Средно | 55,0 |
| Вишо/ високо | 26,4 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 41,8 |
| Урбано (град) | 37,6 |
| Скопје | 20,5 |
| **Месечни приходи по член на домаќинство** | **%** |
| до 4.000 ден. | 28,3 |
| 4.001 – 11.000 ден. | 51,7 |
| Над 11.001 ден. | 18,4 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| Лева | 11,7 |
| 2 | 3,7 |
| 3 | 3,1 |
| 4 | 2,5 |
| 5 | 12,2 |
| 6 | 4,1 |
| 7 | 2,6 |
| 8 | 3,6 |
| 9 | 2,0 |
| Десна | 9,2 |
| Не знам | 25,8 |
| Без одговор | 19,5 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 11,1 |
| СДСМ | 8,8 |
| ДУИ | 3,8 |
| ДПА | 2,3 |
| Други | 1,8 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 19,1 |
| Без одговор | 53,2 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 28,3 |
| Југоисточен | 8,4 |
| Источен | 8,8 |
| Североисточен | 8,2 |
| Вардарски | 7,4 |
| Југозападен | 11,3 |
| Полошки | 15,2 |
| Пелагониски | 12,4 |

## Библиографија

Inglehart, R., Welzel, C. (2005) **Modernization, Cultural Change and Democracy.** New York, Cambridge University Press.

Tilburg University (2008) **European Values Study Master Questionnaire**. Tilburg, Tilburg University.

Кимов, Ѓ. (2009) **Евробарометар 72 – Јавното мислење во Европската Унија** – Национален извештај за Поранешна Југословенска Република Македонија. Брисел, Општа управа за комуникации на Европската комисија.

Клековски, С. (2009) **Односот кон традиционалните / секуларните вредности**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Клековски, С., Јаковлеска, Г., Стојанова, Д. (2011) **Општествената одговорност на граѓаните**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Клековски, С., Кржаловски, А. (2007) **Довербата во граѓанското општество**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С., Јаковлеска, Г. (2009) **Довербата во граѓанското општество**. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Стојанова, Д., Клековски, С. (2011) **Профил на мојот пратеник**. Скопје, МЦМС, ИДСЦС, МИМ.